Друштво за осигурување

**ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје**

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ
## ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД ПОЖАР на ЗАЛИХА НА ФЛОТАНТНА ОСНОВА

Април 2019 година

**ОПШТИ ОДРЕДБИ**

Овие Посебни услови се дополнување на Општите услови за осигурување на имот и Условите за осигурување од пожар и некои други опасности **.**

**член 1**

Осигурување по овие посебни услови може да склучат само правни лица кои водат пропишана книговодствена евиденција на непарични обртни средства.

**член 2**

Предмет на осигурување по овие посебни услови може да бидат залихи на суровини, материјали, ситен инвентар и амбалажа со рок на траење до една година, полупроизводи, недовршени производи, готови производи и трговска стока. За залиха на сите наведени предмети во понатамошниот текст ќе се користи изразот „залиха на стока“.

**член 3**

1. По овие посебни услови се осигурени секојдневните количини на стока според цената на поединечни видови на стока, по кои осигуреникот книговодствено ги води, освен ако не е поинаку договорено. Во тој случај може да се направи договор за соодветно зголемување на цените на залихите на стоката во процент над нивната книговодствена вредност.
2. Книговодствените вредности на залихата на стоката, односно договореното соодветно зголемување на книговодствените вредности се валоризираат со индексот на трошоци за живот во Република Македонија во тековната осигурителна година до денот на ликвидација на штетата.

**член 4**

1. За осигурувањата за кои се применуваат овие Посебни услови важат и Општите услови кои се наведени во полисата, доколку не се во спротивност со овие услови.
2. Кога ќе настане осигурен случај, осигурувачот за секоја оштетена или уништена залиха на стока плаќа соодветен надомест од осигурување, кој се одредува врз основа на член 3 од овие посебни услови и општите услови, кои се наведени во полисата.
3. Ако набавната цена на поединечни видови стока е пониска од цената од член 3 од овие посебни услови, осигурувачот по осигурениот случај ја признава набавната цена, но не повеќе од пазарната цена, зголемена за зависните трошоци (превоз, складирање, итн.).
4. Принципот на пропорционалност, како последица од подосигурување, не се применува кај овој начин на осигурување.

**член 5**

1. За осигурувањата за кои се применуваат овие посебни услови, премијата за осигурување се пресметува два пати годишно и тоа како аконтација на почетокот на осигурителната година и како пресметка на истекот на тековната осигурителна година.
2. Основа за пресметка на премијата за осигурување е просечната месечна, односно тримесечна (квартална) книговодствена вредност на осигурените залихи за стока од изминатата осигурителна година (која може да биде во согласност со став 1 од член 3 од овие посебни услови и соодветно зголемена). До основата за пресметка на премијата се доаѓа така што збирот од месечните или кварталните состојби на книговодствените вредности на осигурените залихи на стока од изминатата година се делат со 12, односно со 4. Книговодствените состојби на вредности се земаат на последниот ден во месецот.
3. Аконтацијата на премијата за осигурување се пресметува од основата за пресметка на премијата од став 2 од овој член со примена на евентуален посебен договор за зголемување на вредноста на залихата на стока над нивната книговодствена вредност и корекција со фактор со кој се корегираат просечните месечни или тримесечни вредности на залиха на стока од претходната година на ниво на вредноста на 31 декември од претходната година.

4. Пресметката на премијата за осигурување, по истекот на тековната година на осигурување се извршува само за ново набавените, односно отуѓените залихи на стока. Ако во согласност со став 1 од член 3 од овие посебни услови е осигурено соодветното зголемување на цените на залихата на стока над нивната книговодствена вредност, истото се зема предвид при пресметката на премијата. Пресметката се извршува само доколку разликата на просечната вредност на залихата е поголема за (+ или -) 10%.

**ЗАСТАРУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА**
**Член 6**

Побарувањата на осигуреникот или на корисникот на осигурувањето, односно на трето лице од договорот за осигурување , застаруваат согласно одредбите од Законот за облигациони односи.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**
**член 7**

[1] За односите од договорот за осигурување се применува правото на Република Северна Македонија.
[2] За односите меѓу осигурувачот, договарачот и осигуреникот кои не се договорени во договорот за осигурување, се применува Законот за облигациони односи.

**Постапка по приговори**
Во случај осигурувачот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од 8 дена од приемот на писменото известување од осигурувачот, до Второстепената комисија за решавање на штети по приговор, која е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

**Постапка по жалба**
Договорувачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија на осигурување како орган надлежен орган за супервизија на друштвата за осигурување.

**Решавање на спорови**
Евентуалните спорови кои би произлегле од договорот з а осигурување, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку до спогодба не дојде надлежен е Основен суд Скопје 2 Скопје.

Овие Услови се донесени врз основа на Овластување на Одборот на директори на Друштво за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје дадено на својата редовна седница на 18.03.2019 година со Одлука бр.0203-04/03 и ќе се применуваат од 01.04.2019 година.